Grant Thornton

Chartered Accountants
Member of Grant Thornton International

# Извештај на независните ревизори

**До Управниот Одбор и Основачите на Фулм доо, Скопје**

Извршивме ревизија на придружните Биланси на состојба на Штедилницата Фулм доо, Скопје (во понатамошниот текст "Штедилницата") на ден 31 Декември 2004 и 2003, како и на поврзаните Биланси на успех, Извештаите за промените во капиталот и Извештаите за готовинските текови за годините што тогаш завршуваат. Овие финансиски извештаи, прикажани на страните 2 до 5, се одговорност на раководството на Штедилницата. Наша одговорност е да дадеме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршените ревизии.

Ние ги извршивме ревизиите во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека во финансиските извештаи нема погрешни прикази од материјално значење. Ревизијата вклучува проверка, по пат на тестирање, на изворната документација врз основа на која се евидентирани износите и приказите во финансиските извештаи. Со ревизијата, исто така, се врши и оценка на применетите сметководствени принципи и вреднување на значајните проценки направени од страна на раководството, како и оценување на севкупната презентација на финансиските извештаи. Ние веруваме дека ревизиите што ги извршивме ни обезбедуваат разумна основа за нашето мислење.

Наше мислење е дека наведените финансиски извештаи, во сите материјални аспекти, ја претставуваат реално финансиската состојба на Штедилницата на ден 31 Декември 2004 и 2003, како и резултатите од работењето и готовинските текови за годините што тогаш завршуваат, во согласност со Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување, објавени од Одборот за Меѓународни Сметководствени Стандарди.

Grant Thornton

Друштво за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје

**Grant Thornton,**

Скопје,
23 Февруари 2005

Dame Gruev 14a
1000 Skopje
Macedonia
**T** 389 2 3214 700
**F** 389 2 3214 710
**E** grant-thornton@grant-thornton.com.mk
**W** www.grant-thornton.com.mk

# Финансиски услуги за луѓето на Македонија

Врз основа на член 76 од Законот на банки, Штедилница ФУЛМ ДОО, Скопје јавно објавува извадок од ревидираните финансиски извештаи со мислење на овластениот ревизор, GRANT THORNTON, Скопје.

"Наше мислење е дека наведените финансиски извештаи, во сите материјални аспекти, ја претставуваат реално финансиската состојба на Штедилницата на ден 31 Декември 2004 и 2003,како и резултатите од работењето и готовинските текови за годините што тогаш завршуваат, во согласност со Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување, објавени од Одборот за Меѓународни Сметководствени Стандарди"

**БИЛАНС НА УСПЕХ**

**За годините што завршуваат на 31 Декември 2004 и 2003(во илјади денари)**

| | 2004 | 2003 |
|---|---|---|
| Приходи од камати | **24,055** | 16073 |
| (Расходи) од камати | **(4,722)** | (3,352) |
| **Нето приходи од камата** | **19,333** | 12,721 |
| Приходи од надоместоци и провизии | **2,795** | 2,203 |
| (Расходи) од надоместоци и провизии | **(400)** | (172) |
| **Нето приходи од надоместоци и провизии** | **2,395** | 2,031 |
| Позитивни курсни разлики | **3** | 1 |
| Останати деловни приходи | **2,789** | 1,482 |
| Добивка од редовно работење | **24,520** | 16,234 |
| (Загуби) од оштетувања | **(1,848)** | (672) |
| Останати деловни (расходи) | **(19,802)** | (13,882) |
| **ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **2,870** | 1,681 |
| Данок од добивка | **(744)** | (356) |
| **НЕТО ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ** | **2,126** | 1,325 |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**

**На 31 Декември 2004 и 2003 (во илјади денари)**

| | 2004 | 2003 |
|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | |
| Готовина и депозити кај НБРМ | **5,158** | 3,489 |
| Хартии од вредност за тргување | **1,953** | 4,585 |
| Побарувања од банки | **11,074** | 4,900 |
| Кредити на комитенти | **114,376** | 81.675 |
| Побарувања по камати и останати средства | **2,113** | 1,775 |
| Основни средства | **5,195** | 4,936 |
| **Вкупно средства** | **139,869** | 101,360 |
| | | |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | |
| **КАПИТАЛ** | | |
| Основачки фонд | **51,101** | 38,841 |
| Акумулирана добивка | **2,126** | 1,325 |
| | **53,227** | 40,166 |
| Обврски | | |
| Обврски по кредити | **3,741** | - |
| Донации | **3,843** | 5,760 |
| Обврски кон комитенти | **77,326** | 54,308 |
| Обврски по камати и останати обврски | **1,732** | 1,126 |
| | **86,642** | 61,194 |
| **Вкупно капитал и обврски** | **139,869** | 101,360 |

*Различна од другите*

Адреса: Мито Хаџивасилев Јасмин бр. 48, Скопје, Македонија

Тел: (02) 3115 244 Факс: (02) 3115 653